Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08-475/79
28.10. 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 05/02 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 202/24), член 45, став 1 , точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари" бр. 01/97), а во согласност со начелата на Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници, Градоначалникот на општина Шуто Оризари, го донесува овој **ЕТИЧКИ КОДЕКС**:

ГЛАВА I: ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Етички кодекс (во натамошниот текст: Кодекс) се утврдуваат етичките стандарди, правилата на однесување и професионалните вредности на вработените во општинската администрација и помошно-техничкиот персонал во општина Шуто Оризари.

Целта на Кодексот е да го подигне квалитетот на услугите, да ја зајакне довербата на граѓаните во локалната самоуправа и да обезбеди интегритет, објективност и законитост во работењето.

Член 2

Одредбите од овој Кодекс се задолжителни за сите вработени во општина Шуто Оризари, без оглед на видот на нивниот работен ангажман (вработени на неопределено или определено време, ангажирани со договор за дело, волонтери и практиканти).

ГЛАВА II: ОСНОВНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА

Член 3

Вработените се должни своите задачи да ги извршуваат согласно Уставот, законите, подзаконските акти и Статутот на општина Шуто Оризари. Работните обврски се извршуваат навремено, совесно и во рамките на утврдените рокови.

Член 4

Во остварувањето на правата и интересите на граѓаните, вработените постапуваат неутрално и објективно. Забранета е секаков вид дискриминација заснована на раса, пол, етничка припадност, социјално потекло, верско уверување, политичка или партиска определба.

Член 5

Вработените во вршењето на службените задачи не смеат да се раководат од своите политички убедувања, ниту пак да ги наметнува или да ги фаворизираат интересите на одредена политичка партија во просториите на општината.

Член 6

Вработените се должни да обезбедат брз, лесен и транспарентен пристап до јавните информации за граѓаните и правните субјекти, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, притоа штитејќи ги личните податоци.

ГЛАВА III: СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА И СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 7

Вработените не смеат да бараат, ниту да примат за себе или за друг, подарок, услуга, гостопримство или каква било друга корист, што може да влијае или изгледа дека влијае врз неговата непристрасност при донесувањето одлуки. Подароците со протоколарна вредност се евидентираат согласно закон.

Член 8

Вработените се должни да го избегнуваат секој потенцијален или реален судир помеѓу нивните приватни интереси и службените должности. Доколку се најдат во ситуација каде што нивни блиски роднини имаат материјален или финансиски интерес во предмет кој вработените го решаваат, тие е должни веднаш писмено да го известат својот раководител и да побараат изземање.

Член 9

Сите вработени кои имаат основано сомневање за корупција, злоупотреба на службената положба или незаконско постапување во општината, имаат право и должност да го пријават тоа на овластеното лице за укажување. Општината гарантира заштита и анонимност на укажувачот.

ГЛАВА IV: СЛУЖБЕНА КОМУНИКАЦИЈА И ОДНОСИ

Член 10

Во комуникацијата со граѓаните, вработените се должни да покажат трпение, учтивост, почит и професионалност. Личните фрустрации или расположенија не смеат да влијаат врз квалитетот на услугата кон граѓаните.

Член 11

Односите меѓу вработените се засноваат на взаемна почит, соработка, колегијалност и тимска работа. Не е дозволено ширење невистини, омаловажување или каков било облик на вознемирување на работното место (мобинг).

Член 12

Вработените се должни на работното место да доаѓаат пристојно и деловно облечени, со што го претставуваат и штитат угледот на институцијата. Не е дозволено носење несоодветна и премногу лежерна облека во текот на работното време.

Член 13

Вработените се должни економично и одговорно да ги користат материјалните средства, опремата, возилата и инвентарот на општината. Општинскиот имот не смее да се користи за приватни цели.

ГЛАВА V: НАДЗОР, ПРЕКРШУВАЊЕ И САНКЦИИ

Член 14

За следење на примената на овој Кодекс, Градоначалникот формира Комисија за етика составена од 3 (три) члена од редот на вработените. Граѓаните и вработените можат да поднесат претставка до Комисијата за секое однесување кое е во спротивност со овој Кодекс.

Член 15

Постапувањето спротивно на одредбите од овој Кодекс претставува повреда на службената должност и работната дисциплина. За утврдените прекршоци се поведува дисциплинска постапка во согласност со Законот за административни службеници и Општиот колективен договор.

ГЛАВА VI: ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Секој вработен е должен да се запознае со содржината на овој Кодекс и да потпише Изјава за прифаќање, која станува составен дел од неговото персонално досие.

Член 17

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото усвојување од страна на Советот, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општина Шуто Оризари“ и на официјалната веб-страница на Општината.

Градоначалник на општина Шуто Оризари
Курто Дудуш

ПРИЛОГ:

И З Ј А В А
ЗА ПРИФАЌАЊЕ И ПРИДРЖУВАЊЕ ДО ОДРЕДБИТЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Јас, долупотпишаниот/а:

Име и презиме: _____

ЕМБГ: _____

Работно место: _____

Сектор / Одделение: _____

Со сопствен потпис на оваа изјава, под целосна материјална, морална и дисциплинска одговорност потврдувам и изјавувам дека:

Запознаен/а сум во целост со содржината, начелата и одредбите на Етичкиот кодекс за вработените во општинската администрација и помошно-техничкиот персонал на општина Шуто Оризари.

Ги прифаќам утврдените вредности на професионално однесување, со посебен акцент на законитоста, непристрасноста, политичката неутралност, транспарентноста и спречувањето на судир на интереси.

Се обврзувам дека при секојдневното извршување на моите службени должости и во комуникацијата со граѓаните (странките) и колегите, ќе постапувам во согласност со овој Кодекс.

Свесен/а сум дека со сопственото однесување, изглед и деловно облекување на работното место, како и со јавните настапи, директно го претставувам и штитам угледот на општина Шуто Оризари.

Целосно сум информиран/а дека секое постапување спротивно на одредбите од Етичкиот кодекс претставува повреда на службената должност и работната дисциплина, што повлекува поведување на дисциплинска постапка и изрекување санкции во согласност со Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор.

Изјавата е дадена своеволно, составена во 2 (два) истоветни примерока, од кои еден примерок се доставува до Одделението за управување со човечки ресурси за потребите на персоналното досие, а еден примерок задржува вработениот.

Датум на потпишување:
_____.2026 година

Место: општина Шуто Оризари

Давател на изјавата (Вработен):

Совет на општина Шуто Оризари-Konsili ki komuna Šuto Orizari-Këshilli I komunës Shuto Orizari
Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 08- 475 / 44
28.10 **2026г од-berš-viti**
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.05/02 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 202/24), член 45, став 1 , точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари („Сл.Гласник на општина Шуто Оризари" бр. 01/97), а во согласност со начелата на Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници, Претседателот на Советот на општина Шуто Оризари на својата 10-та Седница, одржана на ден 22.10.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Етичкиот кодекс за вработените во општинската администрација и помошно-техничкиот персонал на општина Шуто Оризари.

Член 2

Етичкиот кодекс за вработените во општинската администрација и помошно-техничкиот персонал на општина Шуто Оризари, е составен дел од оваа Одлука.

Член 3

Целта на Етичкиот кодекс, е утврдување на етичките стандарди, правилата на однесување и професионалниот интегритет на вработените во општинската администрација, со цел обезбедување законито, професионално, транспарентно и одговорно вршење на работните задачи и обезбедување високо ниво на услуги за граѓаните.

Член 4

Со одредбите од Етичкиот кодекс се запознаваат сите вработени во општинската администрација на општина Шуто Оризари. За неговото спроведување и следење се грижи Градоначалникот на општина Шуто Оризари и раководните службеници, согласно законските прописи.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари“, и на веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Претседател на
Советот на општина Шуто Оризари
Јаше Сефер